ВИКТОР НЕДЕСКИ

# ХРИСТОЛОГИЈАТА НА НЕСТОРИЈ КОНСТАНТИНОПОЛСКИ

Христолошкото учење на Несториј е директно поврзано со неговата полемика против аријанците, аполинаристите и свети Кирил Александриски. Понекогаш помеѓу своите противници, Несториј го вбројува и Евномиј, чие учење го смета за сродно со аријанството и аполинаризмот. Овој став Несториј го наследил од својот учител Теодор Мопсуестиски. Но, во конкретниов случај, Несториј не го смета за главно отстапување на своите противници нивното учење за составот на Христос, туку првенствено проблемот на именувањето на Дева Марија како *Богородица*. Во врска со ова, Несториј пишува: „...а ова го велам јасно и за сите разбирливо: оние од Ариј, од Евномиј, од Аполинариј и сите од хоровите на нивната фракција го воведуваат учењето за Богородица, правејќи слевање, и не разделувајќи ги двете природи, сметајќи ја за целосно безвредна човечката природа, и отстапувајќи му место само на божеството, зашто сите нешта ги кажуваат за едниот, не како нешта што добиле вредност од соединувањето, туку по природа...“[1].

Од тука лесно може да се заклучи дека за Несториј, терминот *Богородица*, кој го смета за непредaниски[2], води кон смешување на создаденото со несозданото. Следствено, страстите на човечката природа му се припишуваат на божеството, така што престанува разликувањето на двете природи, штом „на едниот“ му се придаваат карактеристики, не како последица на соединувањето, туку по природата. Така, јасно е дека Несториј го насочува

[1] „ἵνα δέ αὐτό σαφέστερον καί πᾶσιν εὐληπτότερον εἴπω· τοῖς Ἀρείου και Εὐνομίου καί Ἀπολιναρίου καί πάντων τοῖς χοροῖς τῶν τῆς τοιαύτης φατρίας σπουδή τό Θεοτόκος εἰσάγειν, ὡς κράσεως γινομένης καί τῶν δύο φύσεων μή διαιρουμένων, μηδέν τῶν εὐτελῶν εἰς τήν ἀνθρωπότητα λαμβάνεσθαι καί χώραν αὐτούς λοιπόν κατά τῆς θεότητος ἔχειν, ὡς πάντων λεγομένων παρ’ἑνός, οὐ κατά τήν ἀπό τῆς συναφείας ἀξίαν, ἀλλά κατά τήν φύσιν“ F. Loofs, *Nestoriana. Die Fragmente des Nestorius*, Halle 1905, 273. Види и: A. Grillmeier, *Christ in Christian Tradition*, London-Oxford 1975, 451-452; F. Loofs, *Nestorius and his place in History of Christian Doctrine*, Cambridge 1914, 67.

[2] Види: Χ. Α. Σταμούλη, *Η Θεοτόκος κατά τον Κύριλλο Αλεξανδρείας, (Докторска дисертација)*, Θεσσαλονίκη 1989, 106 и 123; Χ. Α. Σταμούλη, „The term THEOTOKOS according to St. Cyril of Alexandria“, *Γρηγόριος Παλαμάς*, 737 (1991) 299 et. al.

своето внимание кон начинот на соединување на двете природи во Исус Христос. Негова главна грижа е да се избегне теопашизмот, кон што сметал дека водат ставовите на неговите противници кои зборувале за природно соединување. Така, тој доаѓал до заклучок дека неговите противници го усмртувале божеството на Единородниот и го обожувале човечкото или ја понижувале и анулирале човечката природа со нејзиното обожување[3]. Овие ставови ги наговестуваат обвиненијата на Несториј кон неговите противници, кои за него се монофизити зашто ја укинуваат активната улога на човечката природа во делото на спасението[4].

Несториј сметал дека ипостасното или природно соединување за кое зборувале неговите противници претставувало причина за понижување и отстранување на човечката природа од делото на спасението. Тој сметал дека „ова слово е туѓо на тајната на Христос“, бидејќи „не е прифатливо соединување на божеството во ипостас со друга природа“. Спротивно на ова, тој предлагал „соединување по благоволение“, кое „обезбедува една волја и енергија на соединетите“[5].

Прашањето станува појасно, ако се земе предвид ставот на Несториј против неговиот главен противник – свети Кирил Александриски, кому му го пишува следното: „Ако пропагираш ипостасно соединување на природата, тогаш како аријанците велиш дека тоа е природно, а не по волја, штом страдаше со природно страдање. Страдаше како последица на соединувањето, бидејќи страстите на душата се страсти и на телото при природното соединување. Зашто, вистински несоздадениот и по својата природа нетварниот, не се соедини со цел да страда како да е создаден...“[6].

Ваквите забелешки покажуваат дека според Несториј ставовите на свети Кирил Александриски се истоветни со ставовите на аријанците и аполинаристите и дека водат кон теопашизам, кој произлегува од природното или

---

[3] Види: Loofs, Nestoriana, 219, 275; Κυρίλου Αλεξανδρείας, *Επιστολή 10*, PG 77, 65A.

[4] Види: Γ. Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν (εξ επόψεως Ορθοδόξου)*, Αθήνα 1964, 135.

[5] „κατ’ εὐδοκίαν (ἕνωση) μίαν τῶν ἑνωμένων ἀποσώζουσα θέλησιν καί ἐνέργειαν“ Loofs, *Nestoriana*, 220.

[6] „Ἐάν προβάλεις τήν ὑποστατική ἕνωση τῆς φύσεως, λέγεις, ὅπως οἱ Ἀρειανοί, ὅτι εἶναι φυσική καί οὐχί κατά θέλησιν, καθ’ ὅτι ἔπαθε μετά φυσικοῦ πάθους. Ἔπαθε ἕνεκα τῆς ἑνώσεως, καθ’ ὅτι τά πάθη τῆς ψυχῆς εἶναι τά πάθη τοῦ σώματος ἐν τῇ φυσικῇ συνθέσει. Διότι ὁ ὤν ἀκατασκεύαστος, ὁ κατά τήν φύσιν αὐτῦ ἄκτιστος, δέν συνετέθη πρός τόν σκοπόν νά πάσχῃ ὡσάν νά εἶναι κτιστός“ G. R.Driver – L. Hodgson, *The Bazaar of Neracleides (Newly translated from the Syriac)*, Oxford 1925, 162.

ипостасно соединување на двете природи и дека тоа најсилно е изразено во терминот *Богородица (Θεοτόκος)*[7].

За да видиме дали навистина учењето на свети Кирил Александриски во поглед на ова прашање е во согласност со учењата на аријанците и аполинаристите или е различно од нив, потребно е накратко да ги изложиме неговите ставови околу овие прашања. Навистина Кирил ја нарекува Дева Марија *Богородица* зашто Го родила Бога Словото *ипостасно* соединето со плотта[8]. Но, според неговото учење, соединувањето се случило *неизменливо*, *неслеано*[9], *неразделно* и *нераскинливо*[10], така што Словото Божјо останало какво што е, бидејќи неговата природа не подлежи на промена. Така, воплотувањето на Словото Божјо не се смета за промена или смешување со плотта, туку за соединување на две различни нешта во едното и единствено лице на Христос[11]. На тој начин, останува неизменетоста и непроменливоста на Словото Божјо, кои според Кирил не се спротивни на Неговото раѓање во плот[12]. Доволно е да се прифати дека две целосно различни и совршени нешта целосно се соединиле во едно, без да се изменат или да се слеат. Во конкретниот случај станува збор за вистинско ипостасно соединување на две нешта, а не за соединување *по икономија* на безипостасни форми[13]. За да го објасни начинот на соединување на двете *нешта*, Кирил го користи примерот со човекот, кој е составен од душа и тело, односно од две природи[14]. Но, сепак човекот е еден по соединувањето. Токму тоа е едно *составно единство*[15]. Овој факт ја исклучува можноста човекот да биде

---

[7] За различната употреба на терминот *Богородица* од страна на Аполинариј, Ари и Евномиј од една страна и свети Кирил Александриски од друга страна, види: Σταμούλη, *Η Θεοτόκος κατά τον Κύριλλο Αλεξανδρείας*, 119 et al., 98, 123 et al.; I. Καλογήρου, *Μαρία η αειπάρθενος Θεοτόκος κατά την Ορθόδοξον πίστιν*, Θεσσαλονίκη 1957, 35 et al.; R. V. Sellers, *The Council of Chalkedon. A historical and doctrina survey*, London 1961, 142.

[8] PG 76, 20C; PG 77, 117D-120A.

[9] Прилозите *неизменливо (ἀτρέπτως)* и *неслиено (ἀσυγχύτως)* го негираат Аполинариевото поистоветување. Овие термини не се среќаваат за прв пат кај Кирил, туку произлегуваат од пораната црковна книжевност и традиција. Во врска со ова, види: Г. Μαρτζέλου, *Γένεση και πηγές του όρου της Χαλκηδόνας: Συμβολή στην Ιστορικοδογματική διερεύνηση του Όρου της Δ' Οικουμενικής συνόδου*, Θεσσαλονίκη 1986, 209–211.

[10] Прилозите *неразделно (ἀχωρίστως)* и *нераскинливо (ἀδιαιρέτως)* го негираат Несториевото разделување.

[11] PG 76, 396C.

[12] PG 77, 1064D.

[13] PG 76, 396C.

[14] PG 77, 241BC и 235A.

[15] Ibid.

сметан за двајца луѓе поради двојната природа[16]. Така, терминот *составен* овде нема значење на сопоставување (јукстапозиција) како што се јавува кај Несториј, ниту секако се разбира аристотеловски или стоички како мешање или слевање[17] – нешто што свети Кирил јасно и недвосмислено го отфрла[18]. Тој категорично нагласува дека со користењето на терминот мешање (κράσις, σύγκρασις) од страна на некои отци[19], не се изразува некаков вид дифузија како при мешање на две течности, туку со тоа се изразува целосното и реално ипостасно соединување на човечката и божествената природа[20]. Така се добива „едната воплотена и вочовечена природа или ипостас на Бога Словото"[21], како резултат на составувањето на човештвото со божеството во ипостаста на Словото. Конечно, *составувањето* се смета за единство на доминација, чиј резултат е богочовечкото лице на Христос, во кое човечката природа не исчезнала и не е уништена, туку ја следи божествената природа „по сопствена волја"[22].

Следствено, и ослободувањето на Христос од гревот не се случува етички или волево, но исто така не и по неопходност. Спротивно на тоа, се смета за резултат на ипостасното или природно соединување на Бог Словото со човечката природа во Христос. Така, не само што Христос не прави грев, туку и не може да направи[23]. Секако, *неможноста* на Христос да направи грев, Кирил не ја разбира како принудување на човечката природа во Христос од божествената природа на Словото. За свети Кирил, кој во поглед на ова прашање го следи свети Атанасиј, не важи метафизичката аксиома на антиохиските теолози, според која сѐ што е природно е по неопходност или принудно. Спротивно, Кирил забележува: „Така, она што е природно не е и безволно, имајќи ја волјата за сопатник на природата"[24]. Од наведеното се

---

16 Ibid.

17 Види: H. A. Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, Cambridge-Massachusetts 1970, 409.

18 PG 75, 1376C. За да го прецизира начинот на соединување на божествената и човечката природа, свети Кирил го користи примерот на соединување на огнот со железото, на огнот со дрвото и на мирисот со телото. Види и PG 75 1380C.

19 Веројатно мисли на Григориј Назијанзин и Григориј Ниски. Во врска со ова, види: Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, 386 et al.

20 Види: PG 76, 33B.

21 „μία φύσις ἤ ὑπόστασις τοῦ Θεοῦ Λόγου σεσαρκωμένη καί ἐνανθρωπήσασα" PG 77, 244A.

22 „τῷ ἰδίῳ θελήματι" Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, 372, 309.

23 Види: PG 76, 1120C. За ова учење кај свети Атанасиј Велики, види: Ι. Ρωμανίδη, *Δογματική και Συμβολική θεολογία της Ορθοδόξου καθολικής Εκκλησίας Α'*, Θεσσαλονίκη 1983, 280 et. al.

24 „Ἔστι γάρ οὐκ ἀνεθελήτως ἅ ἐστι φυσικῶς σύνδρομον ἔχων τῇ φύσει τήν θέλησιν τοῦ εἶναι ἅ ἐστιν" PG 75, 780B.

гледа дека ова учење на Кирил нема никаква врска со соодветните учења на аријанците и аполинаристите поврзани со христолошките прашања.

Во втор план, Несториј се бори со уште еден став на неговите противници. Оваа борба всушност била главната цел во полемиката на неговите учители против Ариј и Аполинариј, кога е во прашање човечката природа на Христос. Попрецизно, и во поглед на ова прашање, Несториј го поврзува Кирил со аријанците и аполинаристите. Станува збор за прашањето дали Словото примило потполна човечка природа или не. Несториј нагласува дека едната природа води кон учењето на Ариј за една природа без душа или кон учењето на Аполинариј за една природа без ум[25]. Така, Несториј смета дека неговите противници ја негираат совршеноста и потполноста на човечката природа на Христос.

Овој аргумент, Несториј го поврзува се теопашизмот, што на карактеристичен начин го изразува во едно свое обраќање до Кирил, каде пишува: „Карактеристиките на плотта Му ги припишуваш на Бога Словото, така што Тоа ги гледа и ги кажува и ги трпи плотските нешта, но само доколку ја користи плотта онака како што велат аријанците, кога Му ги припишуваат дејствијата и страстите на божеството по природа, и како аполинаристите кои велат дека наместо умот, Бог Словото природно ги извршува дејствијата на душата и на телото. На овој начин овој човек (мисли на Кирил) Го користи Бога Словото во сето ова и во телото и во словесната душа, што води кон тоа (Словото) да страда со страстите на телото и да ги извршува дејствијата на словесната душа, поставувајќи ги овие нешта како начин на живот и однесување на Бога Словото“[26].

Несториј тврдел дека со тоа што неговите противници ја поврзуваат несовршената и непотполна човечка природа со потполната божествена природа на природен или ипостасен начин, неизбежно ја прават зависна од неа, со што се укинува нејзината независност во постигнувањето на очистувањето од гревот[27]. Во овој контекст, Несториј му го пишува на Кирил следното: „... и го правиш Бога Словото страдално, укинувајќи ги чувствителноста и волјата на човештвото... и ѝ ги припишуваш карактеристиките на човештво-

[25] Види: Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 304 и 313–314.

[26] „Ἀποδίδεις τά πράγματα τῆς σαρκός εἰς τόν Θεόν Λόγον, ὥστε οὗτος βλέπει καί ὁμιλεῖ καί πάσχει τά πράγματα τῆς σαρκός, ἀλλά μόνον ἐφ’ ὅσον βεβαόως χρησιμοποιεῖ τήν σάρκα ὡς οἱ Ἀρειανοί λέγουν, ὅταν ἀποδίδουν τάς ἐνεργείας καί τά πάθη εἰς τήν θεότητα φυσικῶς, καί ὡς ὁ Ἀπολινάριος ὅτι ἀντί τοῦ νοός, ὁ Θεός Λόγος ἐκτελεῖ συσικῶς τάς ἐνεργείας τῆς ψυχῆς καί τοῦ σώματος. Τοιουτοτρόπως ὁ ἄνθρωπος οὗτος χρησιμοποιεῖ τόν Θεόν Λόγον εἰς πάντα ταῦτα καί εἰς τό σῶμα καί εἰς τήν λογικήν ψυχήν, ὥστε νά πάσχει τά πάθει τοῦ σώματος καί νά ἐκτελῇ τάς ἐνεργείας τῆς λογικῆς ψυχῆς, καθιστῶν ταῦτα ὡς τρόπον ζωῆς καί συμπεριφοράν τοῦ Θεοῦ Λόγου“ Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 210-211 и 35, 206, 209.

[27] *Ibid.*, 301.

то на природата, а не на лицето на Бога Словото. И Му ги припишуваш на Бога карактеристиките на човештвото, но не Му ги пришишуваш на човештвото оние на божеството“[28].

И во поглед на ова прашање, Несториј прави целосно искривување на учењето на свети Кирил. Така, не само што Кирил не ги следи христолошките ставови на аријанците и аполинарситите туку и се оградува од нив[29]. Осврнувајќи се на прашањето за човечката природа која ја примило Словото, Кирил јасно изјавува дека Синот Божји „стана плот, што значи човек“[30]. Зборувајќи, пак, за обвиненијата на Несториј кои се однесуваат на взаемното предавање на особините, или како што самиот сакал да каже „споделување на гласовите“, Кирил го пишува следното: „Јас толку многу се оградив од оние што велат дека природите се слеале помеѓу себе, и дека претрпеле смешување и мешање, колку и оној што исповеда правилно. И не рековме поинакво слово; знаеме, пак, дека едните работи се случија богодолично, а другите човечки... Сите овие нешта се од едниот Христос, и богодоличните и човечките“[31]. Од наведеното, јасно се гледа дека христологијата на Несториј се развила од неговиот обид да ги побие учењата на аријанците, на аполинаристите и на свети Кирил Александриски, кои ги поистоветувал. Наведениот параграф јасно покажува и дека христологијата на Несториј речиси целосно се совпаѓа со христологијата на Теодор Мопсуестиски. Ваквото совпаѓање се објаснува со заедничкиот корен на двајцата теолози и следствено со заедничките метафизички принципи. Имено, Несториј е целосно доследен на христологијата на својот учител Теодор Мопсуестиски, прифаќајќи ги истите метафизички принципи кои го водат кон исти заклучоци.

Првиот и основен метафизички принцип кој влијаел врз формирањето на христологијата на Теодор е тоа дека секоја ипостас има свое лице. Вториот метафизички принцип е тоа дека сè што е природно, па следствено и природното или ипостасно соединување, се поврува со неопходност, отсуство на слобода и укинување на волјата. Истите метафизички принципи со целосна доследност биле прифатени и од Несториј. Затоа, како што за-

---

[28] „καί καθιστᾷς αὐτόν τοῦτον τόν Θεόν Λόγον παθητόν, καταργῶν τήν αἴσθησιν καί τήν θέλησιν τῆς ἀνθρωπότητος... καί ἀποδίδεις τά πράγματα τῆς ἀνθρωπότητος εἰς τήν φύσιν και οὐχί εἰς τό πρόσωπον τοῦ Θεοῦ Λόγου. Κάι ἀποδίδεις τά πράγματα τῆς ἀνθρωπότητος στό Θεό, ἀλλά δέν ἀποδίδεις τά τῆς θεότητος στήν ἀνθρωπότητα“ *Ibid.*, 247.

[29] PG 77, 225B.

[30] PG 74, 964C.

[31] „Ἐγώ δέ τοσοῦτον ἀφέστηκα τοῦ συγκεκράσθαι λέγειν ἀλλήλαις τάς φύσεις, φυρμόν τε καί σύγχυσιν ὑπομεῖναι καί τροπήν, ὅσον καί αὐτός τοῦ δοξάζειν ὀρθῶς. Ἀλλ’ οὐδέ λόγων διαφοράν ἀνηρήκαμεν· ἴσμεν γάρ, ὅτι οἱ μέν αὐτῶν γεγόνασιν θεοπρεπῶς, οἱ δέ ἀνθρωπίνως ... Πάντα τοίνυν ἐστί τοῦ ἑνός Χριστοῦ, τά τε θεοπρεπῆ, και τά ἀνθρώπινα“ PG 76, 65A. Види и: Σταμούλη, *Η Θεοτόκος κατά τον Κύριλλο Αλεξανδρείας*, 145.

бележува G. L. Prestige, проблемот и неуспехот на Теодор биле проблем и неуспех и на Несториј и токму од таа причина не постои ништо кај Несториј што, барем во почетна форма, не се среќава и кај Теодор[32]. Во продолжение ќе ги разгледаме метафизичките принципи кои ги формирале христолошките ставови на Несториј, онака како што се изразени во неговите текстови, а особено во неговото дело *Базар од Хераклид*[33].

Во согласност со ставот на Г. С. Бебис, метафизичката теологија на Несториј има онтолошка основа, односно е изградена врз теоријата за суштината и природата на битијата[34]. Навистина, зборувајќи за постоењето на човекот, Несториј во него разликува *суштина* и *природа*[35]. Зборувајќи за човечката природа на Христос пишува дека Неговата плот е „од друга суштина и од друга природа“[36]. Зборувајќи понатака за *лицето*, забележува дека „природите постојат во своите лица“ и следствено зборува за лицето на едната суштина, за лицето на плотта и лицето на човештвото[37]. На крајот доаѓа до целосно усвојување на првиот метафизички принцип на Теодор Мопсуестиски, согласно со кој: „суштината не постои без лице, ниту, пак, природата без лице, а исто така ниту лицето без природа“[38]. Од наведеното може да се заклучи дека Несториј ги поистоветува термините *суштина* и *природа*, кои некогаш ги користи како синоними, а некогаш наизменично. Но, тука се поставува прашањето за толкувањето на термините *природа* и *суштина*.

Обидувајќи се да одговори на ова прашање, Бебис забележува дека Несториј го користи терминот *суштина* со значење на аристотеловата *прва суштина*, односно со значење на конкретна единка[39]. Со истото значење

[32] G. L. Prestige, *Fathers and Heretics*, London 1985, 141.

[33] Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*.

[34] Види: Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 100.

[35] Види: Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 182. Несториј ја развива својата христологија врз основа на четирите метафизички термини *суштина*, *природа*, *лице* и *ипостас*. Види: F. Young, *From Nicaea to Chalcedon*, Southhampton 1983, 263; M. C. Duchesne, *Early History of the Christian Church*, London 1938, 224 et al.; Sellers, *The Council of Chalcedon*, 138; L. Hodgson, „The metaphysic of Nestorius“, The Journal of Theological Sudies 19 (1918), 49.

[36] „μιᾶς ἄλλης οὐσίας καί μιᾶς ἄλλης φύσεως“ Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 246.

[37] „οἱ φύσεις ἐνυπάρχουν στά πρόσωπά τους“ *Ibid.*

[38] „ἡ οὐσία δέν ὑπάρχει δίχως πρόσωπο, οὔτε ἐπίσης ἡ φύσις χωρίς πρόσωπο, οὔτε ἀκόμη τό πρόσωπο χωρίς φύση“ *Ibid.*, 247, 262 и 309.

[39] Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 181; Види и: Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, 319 et al.; G. D. Dragas, „Εγένετο άνθρωπος η λησμονηθείσα άποψις της Χριστολογίας του Μεγάλου Αθανασίου“, *Athanasiana*, London 1980, 21. Селерс го негира овој став. Види: Sellers, *The Council of Chalkedon. A historical and doctrina survey*, 138.

терминот го користи и Ориген[40]. Така, доаѓаме до заклучкот дека Несториј, следејќи го ова класично античко и постхристијанско значење ја смета суштината за основа на реалното постоење и за основен елемент на битијата. Користејќи го ова толкување во својата христологија, Несториј многупати нагласува дека постојат две одделни суштини – суштината на Бога Словото и суштината на човекот Христос[41]. Но, освен ова првично толкување на терминот, Бебис забележува дека Несториј му дава на терминот *суштина* и второ толкување и значење. Така, тој го користи овој термин и со значење на Аристотеловата *втора суштина*, која го изразува единството на *видот* и на *родот* или единството на предметите, кое ги открива и нагласува заедничката суштина и едиството на единките или лицата кои се повеќе од еден. Секако, овде Несториј ги следи кападокиските отци, со цел да ја нагласи едната суштина на трите лице на Света Троица[42].

Со истото значење Несториј го користи и терминот *природа*. Но, како што забележува Бебис, освен ова значење, терминот *природа* за Несториј има и подлабока смисла, бидејќи го означува всадениот квалитет или особина или состојба на едно лице или предмет, односно карактеристиките на една суштина. Така, може да се каже дека за Несториј без суштина не постои природа и без природа не постои суштина. Тој многупати зборува за природата како да ги изразува карактеристиките на суштината. Така, забележува дека не е можно карактеристиките на природата на суштината на плотта да станат каректеристики на Бога Словото и следствено не може да се случи ни спротивното. Според тоа, оној што е сочинет од една природа е поврзан по неопходност, односно по природа со сите каректеристики на неговата природа. Така и во Христос при соединувањето на божеството со човештвото „природите ги задржале своите карактеристики“[43].

Секако, треба да се забележи дека врската на Несториевото толкување на термините со соодветните толкувања на Аристотел не води секогаш кон произволниот заклучок според кој Несториј го извлекува значењето на термините. Таквиот став би бил и историски неиздржан, бидејќи би ја негирал богословската позадина на Несториј, која всушност била главниот извор на неговите метафизички размислувања[44].

---

[40] Види: PG 11, 465.

[41] Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 318 et. al.

[42] Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 257.

[43] „οἱ φύσεις παραμένουν ἐν ταῖς ἰδιότησιν αὐτῶν“ *Ibid.*, 182

[44] Теодор Мопсуестиски ги поистоветувал термините *природа* и *ипостас*. Види: J. Romanides, „Highlights in the debate over Theodore of Mopsuestia's Christology and some suggestion for a fresh approach“, *The Greek Orthodox Theological Review* 5/2 (1959-1962) 165; Sellers,

Толкувањето на терминот *ипостас* претставува клуч за разбирање на христологијата на Несториј. Најпрво, треба да се забележи дека и во поглед на ова прашање Несториј е верен на своите традиционални рамки, а посебно на својот учител Теодор Мопсуестиски. Терминот ипостас за Несториј е истоветен со термините *природа* и *суштина*[45]. Но, освен ова основно толкување, Несториј го користи терминот *ипостас* и со друго значење. Прво, го користи терминот *ипостас* со значење на основа врз која се поставени природата и личноста на битијата[46]. Второ, ги користи заедно термините *суштина* и *ипостас* – првиот со неговото генерално значење, а вториот со посебното и поединечно значење[47]. Така, го отфрла мислењето дека телото Господово било безипостасно и нагласува дека и двете природи на Господ имаат лични особини, ипостаси и суштини. Следствено, уште еднаш го повторува својот прв метафизички принцип според кој не е можно да постои суштина без ипостас, па според тоа ниту човештво или божество без суштина и ипостас[48]. Но, овие забелешки не се доволни за да го побијат првичното и главно толкување на мислата на Несториј, каде *суштината* се поистоветува со *ипостаста*, која во конкретниов случај се толкува како главен соединувачки елемент на *видот* или на *родот*[49].

Современата наука пројавила голем интерес за Несториевото толкување и разборање на терминот *лице*. H. A. Wolfson[50] забележува дека Несториј прифаќа постоење на посебно лице на човештвото пред соединувањето со Бога Словото – факт што води кон три хипотези: 1. воплотувањето се случило при зачнувањето, па следствено Христовата плот имала некаков вид вистинско постоење пред зачнувањето; 2. воплотувањето се случило при зачнувањето, но Христовата плот имала некаков вид посебно (фантастично) постоење пред воплотувањето и 3. воплотувањето се случило по зачнувањето, додека соединувањето на човечката душа со плотта се случило за време на зачнувањето, што наведува на тоа дека во периодот помеѓу зачнувањето и соединувањето, плотта била реална и посебна личност, различна од личноста на Бога Словото. Трите хипотези се целосно поврзани со слични хипотези од минатото. Првата хипотеза за претпостоење на вистинска плот

---

*The Council of Chalkedon. A historical and doctrina survey*, 166; H. R. Mackintosh, *The Doctrine of the Person of Jesus Christ*, Edinburg 1914, 204.

[45] Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 148–149.

[46] Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 15.

[47] Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 164.

[48] Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 247 и 262, 309. Види и: Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, 456.

[49] Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 181.

[50] Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, 452–455.

пред зачнувањето свети Григориј Ниски му ја припишува на Аполинариј[51]. Втората хипотеза за постоење на фиктивна плот пред зачнувањето, некои современи истражувачи, како A. Harnak[52] и J. Tixeront[53], му ја припишуваат на свети Кирил Александриски. За крај, третата хипотеза првично потсетува на ставовите на Тертулијан[54], а потоа и на Ориген[55] и на Теодор Мопсуестиски. Последниот сметал дека соединувањето се случило „за време на формирањето"[56]. Во современата наука постојат поделени мислења за тоа што точно сакал да каже Теодор со оваа фраза. Така, одредени научници сметаат дека мислел на времето на формирањето на ембрионот[57], а други дека мислел на времето на зачнувањето[58].

Бебис забележува дека едното лице што го прифаќал Несториј не ја означувало ипостаста на Бога Словото, туку заедничката духовна енергија, заедничкиот духовен центар кон кој тежнееле двете природи. Терминот лице има евалуативно, морално и духовно, а не егзистенцијално, вистинско и природно значење: тој изразува номенклатурно и нозиархиско единство, а не реално соединување[59]. Во истите рамки се движи и Н. Мацукас, нагласувајќи дека за Несториј соединувањето на божеството со човештвото е надворешно, морално и волево, така што не постојат природно соединети две ипостаси или две лица, туку постојат две природи или две ипостаси или два сина (човекот Исус и Словото) кои функционираат како возило и возач. Во овој случај слепувањето и соединувањето се остваруваат со заедничка волја и на двете, со што се добива едната ипостас на воплотеното Слово[60]. Г. Марѕелос исто така забележува дека лицето кое го наведува Несториј не е Бог Словото, туку моралното лице на двете природи – Христос[61]. J. Lynch во едно посистематско истражување за значењето на терминот лице од паганските автори (Хомер-Плотин) до Леонтиј Византиски, нагласува дека учењето на Несториј за лицето верно го следи учењето на Теодор Мопсуестиски

---

[51] PG 45, 1148BC.

[52] A. Harnack, *History of Dogma* 4, Oxford 1899, 177.

[53] J. Tixeront, *Histoire des Dogmes dans l'Antiquite Chretiene* 3, Paris 1928, 66–67.

[54] Види: J. A. Waszink, *Tertullianus De Anima 27*, Amsterdam 1947.

[55] PG 13, 126C.

[56] Го користи изразот „ἐν τῇ διαπλάσει". Види: PG 66. 977C.

[57] Види: Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, 453.

[58] Види: Tixeront, *Histoire des Dogmes dans l'Antiquite Chretiene*, 18; J. Mahe, „Les Anathematismes de Saint Cyrille d'Alexandrie", *Revue d'Histoire Ecclesiastique* 7 (1906) 527.

[59] Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 143.

[60] Ν. Ματσούκα, *Ορθοδοξία και αίρεση*, Θεσσαλονίκη 1981, 166.

[61] Γ. Μαρτζέλου, *Η Χριστολογία του Βασιλείου Σελευκείας και η οικουμενική σημασία της*, Θεσσαλονίκη, 1990, 105, 109 et al., 152.

за „почитуваното лице“ (πρόσωπον τιμῆς)[62]. J. Романидис, пак, го нагласува суштинското разликување на значењето на терминот лице кај Несториј и кај свети Кирил и истоветноста на „несторијанското лице“ со терминот *лице* во учењето на Теодорит[63].

Од наведеното, се гледа дека Несториј прифаќал постоење на две лица и две природи пред и по соединувањето, со таа разлика што по соединувањето, лицата биле составни делови на едното лице, а природите останале и понатаму да се разликуваат една од друга[64]. Направената анализа на „несторијанското лице“ покажува зошто Несториј ги отфрлал фразите *природно соединување* и *ипостасно соединување*[65] и ги заменувал со фразите *крајно слепување*[66], *соединување на вредноста*[67], *слепување по хомонимија*[68], *по благоволение*[69], *по волја*[70], *соединување во поклонението*[71], кои ги сметал за поисправни заради запазување на неслеаноста на двете природи во лицето на Христос и избегнување на намалувањето на вредноста на човечката природа или нејзино исчезнување при обожувањето[72].

[62] J. Lynch, *Πρόσωπον and the Dogma of the Trinity. A study of the background of the conciliar use of the word in the writings of Cyril of Alexandria and Leontius of Byzantium*, New York 1974, 161.

[63] J. Romanides, „Cyril’s <One Physis or Nypostasis of God the Logos Incarnate and Chalcedon>“, *Does Chalcedon divide or unite? Towards convergence on Orthodox Christology*, Geneva 1981, 53; H. Ristow, „Der Begriff ΠΡΟΣΩΠΟΝ in the Theologie des Nestorius“, *Aus der byzantinischen Arbeit der Deutschen Demokratischen Republik I, hrsg von J. Jemscher, Berliner byzantinische Arbeiten, Bd 5*, Berlin 1957, 218 et al.

[64] Wolfson, *The Philosophy of the Church Fathers*, 454. Овој став соодветствува на толкувањето на Севир Антиохиски на „несторијанското соединување“, согласно со кое Бог Словото се соединил во Дева Марија со веќе формирано човечко битие со некаква врска на љубов каква што постои меѓу двајца пријатели. Види: J. Lebon, „Sergii Grammatici Epistolae Mutune“, *Corpus Scriptorum Christianorum Orientalium, Scriptores Syri* 4, 7 (1949) 70-187. На исто мислење е и императорот Јустинијан кој во својот втор едикт против трите поглавја нагласува дека според Теодорит Кирски и Несториј, Бог Словото се соединил со веќе постоечко човечко битие во Дева Марија. Види: J. D. Mansi, *Sacrorum Conciliorum Nova et Amplissima Collectio* 9, 556E, Graz 1960-1961. Некои научници сметаат дека Несториј имал православен став. Такви се: J. F. Bethune-Baker, *Nestorius and his Teaching*, Cambridge 1908; F. Loofs, *Nestorius and his place in the History of Christian doctrine*, Cambridge 1914; M. Anastos, „Nestorius was Orthodox“, *Dumbarton Oaks Papers* 16 (1962) 117–140.

[65] Loofs, *Nestoriana*, 220.

[66] *Ibid.*, 178, 275.

[67] *Ibid.*, 224.

[68] PG 76, 36D.

[69] Loofs, *Nestoriana*, 220.

[70] *Ibid.*, 219.

[71] *Ibid.*, 262

[72] *Ibid.*, 219, 275. Види и: PG 77, 65A.

Така, доаѓаме до вториот метафизички принцип на Несториј, спред кој сè што е природно, па според тоа и ипостасното или природно соединување, се поврзува со неопходноста и укинувањето на слободната волја на човечката природа во Христос. Показатели за ваквиот став на Несториј се следните текстови: „ако пропагираш (се обраќа до Кирил) ипостасно соединување на природата, тогаш како аријанците, велиш дека тоа е природно, а не по слободна волја“[73], „бидејќи соединувањата преку природната ипостас имаат природен, а не доброволен карактер“[74], „(природното соединување) претставува природна и неволева карактеристика, така што Словото Божјо би учествувало во страстите на душата и телото. Карактеристиката на принудно учество, а не учество по слободна волја, туку природно преку ипостаста, претставува природно соединување на природната ипостас“[75].

Овие метафизички принципи на Несториј, пренесени на полето на неговата морална теологија водат кон конечниот заклучок дека ипостасното или природно соединување на двете природи во лицето на Словото, создава една нова природа, различна од човечката природа, така што Бог Словото како раководител и контролор на природното соединување ја води новата природа кон неопходно избегнување на гревот и секако кон принудно ослободување на човекот Христос од гревот[76].

Сето ова води кон заклучокот дека Несториј го формирал своето метафизичко учење и соодветната терминологија во директна врска со својата богословска рамка, имајќи го како основа учењето на Теодор Мопсуестиски. Затоа, не е далеку од вистината ставот на Prestige дека единствената разлика во учењата на Теодор и Несториј е начинот на кој ги изразуваат своите ставови[77].

Спротивно на Аполинариј и согласно со Теодор, кај Несториј преовладува идејата дека Бог Словото прими целосна човечка природа сочинета од тело и разумна душа[78]. Следствено, штом природата што ја прими Бог Сло-

---

[73] „ἐάν προβάλῃς τήν ὑποστατικήν ἕνωσιν τῆς φύσεως, λέγεις, ὅπως οἱ Ἀρειανοί, ὅτι εἶναι φυσική καί οὐχί κατά θέλησιν“ Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 162.

[74] „διότι τά ἡνωμένα διά τῆς φυσικῆς ὑποστάσεως ἔχουν φυσικήν καί οὐχί ἑκούσιον ποιότητα“ *Ibid.*, 179.

[75] „ἐγκαθιστᾷ μίαν φυσικήν καί ἀκουσίαν ἰδιότητα, ὥστε ὁ Θεός Λόγος νά συμμετέχῃ εἰς τά πάθη τῆς ψθχῆς καί τοῦ σώματος. Ἡ ἰδιότητα τῆς συμμετοχῆς διά τῆς βίας καί οὐχί διά τῆς θεήσεως, ἀλλά φυσικῶς δι’ ὑποστάσεως, εἶναι μία ἕνωσις τῆς φυσικῆς ὑποστάσεως φυσικῶς“ *Ibid.*, 184.

[76] *Ibid.*, 84. Види и: Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 262; Hodgson, „The metaphysic of Nestorius“, 48.

[77] Види: Prestige, *Fathers and Heretics*, 141.

[78] Loofs, *Nestoriana*, 61-62; Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 35–36, 55, 67, 73, 187, 192, 202, 205, 221, 227, 262.

вото е едносушна со нашата природа[79], таа онтолошки подлежи на грев и е грешна природа[80]. Тоа што Бог Словото ја прими грешната човечка природа имало за цел да се укине епохата на првиот човек и да ѝ се даде на неговата природа првобитниот образ кој се изгубил како последица на гревопадот[81]. Но, за да се постигне тоа, било потребно најпрво Христос да го победи гревот во својата човечка природа, за да ја покаже слободна и избавена од гревот, преку едно реално човечко искуство. Токму затоа Несториј забележува дека доколку Бог Словото примеше безгрешна човечка природа, не ќе можеше да го изврши своето спасително дело, бидејќи неговата безгрешност ќе беше дадена по природа, што значи по неопходност и немаше да биде плод на неговото доброволно послушание[82].

Вреди да се нагласи дека послушанието, кое зазема водечко место во учењето на Несториј, е непосредно и неразделно поврзано со напредокот и добродетелноста, кои го довеле до совршенство човекот Христос. Сепак, за Несториј, Христос останува видно разделен од божеството. Христос е човекот што напреднал до првосвештеничко достоинство и го принесува своето тело, но не само за останатиот човечки род, туку и „за себе", штом „и нему му беше потребно усовршување"[83]. Ова усовршување се постигнало преку моралниот напредок и страдањата. Човекот Христос „страдајќи се научи на послушание и се усоврши и на сите што му се послушни им стана причина за сигурно спасение. О, еретику! Тој се усоврши, напредувајќи малку по малку; затоа и Лука[84] во Евангелието кажува: ‘Исус, пак, напредуваше во мудроста, и во возраста, и во молоста’ (Лк. 2, 52), а согласно со него и Павле вели: ‘откако се усоврши, стана извор за вечно спасение на сите кои Му се послушни, и од Бога беше наречен Првосвештеник по чинот Мелхиседеков’ (Евр. 5, 9-10); Тој според борбата беше споредуван со Мојсеј, беше наречен семе Авраамово, во сè беше сличен на браќата, со текот на времето стана првосвештеник, се усоврши преку страдањата и се нарече првосвештеник по чинот Мелхиседеков. Зошто погрешно го толкуваш Павле

[79] Loofs, *Nestoriana*, 245; Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 33, 145, 155, 159, 249, 299; PG 76, 56BC; PG 76, 252B.

[80] Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 63; Μαρτζέλου, *Η Χριστολογία του Βασιλείου Σελευκείας*, 170-171; Μπεμπή, *Συμβολαί εις την περί Νεστορίου έρευναν*, 246.

[81] Driver – Hodgson, *The Bazaar of Heracleides*, 62.

[82] Ibid., 62-63.

[83] „καί αὐτόν τελειώσεως χρήζοντα" Loofs, *Nestoriana*, 232.

[84] Во текстот на Loofs наместо Лука пишува Јован. Веројатно станува збор за препишувачка грешка.

и бестрасниот Бог Слово го мешаш со земното тело, правејќи го страдален првосвештеник?“[85].

Во истата беседа Несториј нагласува дека именувањето првосвештеник се однесува на човештвото, а не на божеството[86]. Така за Несториј човечката природа на Христос е целосно разделена од Божеството. Оваа распарчувачка христологија е директно поврзана со неговата искривена антропологија, според која Бог Словото прими грешна човечка природа која се спасува само преку еден морален акт, заснован на морален напредок кон безгрешност преку исполнување на заповедите.

Ова учење на Несториј нè наведува на мислење дека веројатно токму тој е еден од главните пропагатори на учењето за *изборната волја* (γνωμικό θέλημα). Иако овој израз не се среќава во неговите дела, бидејќи на полето на телогијата се јавува подоцна во времето на монотелитските спорови, сепак, предусловите за да се дојде до ова учење се содржани во неговото учење за моралното напредување, како и можноста за бранување, сомневање и спротивставување на човекот Христос[87]. Сепак, начинот на соединување на божјото со човечкото во богословието на Несториј не изразува ништо различно од постоењето на *изборна волја* во Христос, која, според свети Максим Исповедник, претставува нескротлив порив кој ги предизвикува сите скршнувања на личноста[88].

Заклучувајќи, може да кажеме дека прифаќањето на изборна волја во Христос води кон постоење на втора ипостас во Христос, различна од таа на Словото, што ја прави невозможна неговата природна безгрешност. Таа го укинува православното ипостасно соединување, кое е засновано на Кириловата фраза „едната воплотена и вочовечена природа и ипостас на Бога Словото“, која ја укинува дури и можноста Христос да направи грев[89].

---

85 „ἔμαθεν ἀφ’ ὧν ἔπαθε τήν ὑπακοήν, καί τελειωθείς, ἐγένετο τοῖς ὑπακούουσιν αὐτῷ πᾶσιν αἴτιος σωτηρίας ἀκαταλύτου. Τελειοῦται, καί τό κατά μικρόν προκόπτον, αἱρετικέ· <περί οὗ καί Λουκᾶς ἐν τοῖς Εὐαγγελίοις βοᾷ· Ἰησοῦς προέκοπτεν σοφίᾳ καὶ ἡλικίᾳ καὶ χάριτι, (Λουκ. 2, 52)> οἷς σύμφωνα καί Παῦλος φθεγγόμενος, <τελειωθείς, φησίν, ἐγένετο τοῖς ὑπακούουσιν αὐτῷ πᾶσιν αἴτιος σωτηρίας αἰωνίου, προσαγορευθείς ὑπό τοῦ Θεοῦ ἀρχιερεύς κατά τήν τάξιν Μελχισέδεκ (Εβρ. 5, 9-10)> οὗτος ὁ Μωσῇ κατά τόν τῆς στρατηγίας συγκρινόμενος τύπον· ὁ σπέρμα τοῦ Ἀβραάμ κεκλημένος· ὁ κατά πάντα τοῖς ἀδελφοῖς παραπλήσιος· ὁ χρόνῳ γενόμενος ἀρχιερεύς· ὁ διά παθημάτων τελειωθείς· ὁ κατά τήν τάξιν Μελχισεδέκ ἀρχιερεύς κεκλημένος. Τί οὖν ἀνθερμηνεύεις τῷ Παύλῳ, τόν ἀπαθῆ Θεόν Λόγον ἐπιγειόῳ καταμιγνύς σώματί καί παθητόν ἀρχιερέα ποιῶν;“ Loofs, *Nestoriana*, 236.

86 Ibid., 232.

87 Види: I. Καλογήρου, *Η ΣΤ’ Οικουμενική Σύνοδος (7 Νοεμβρίου 680-16 Σεπτεμβρίου 681) Η τελική δογματική διατύπωσις της χριστολογικής αλήθειας κατά του Μονοθελητισμού και του Μονοενεργητισμού*, Θεσσαλονίκη 1981, 224.

88 PG 91, 192BC.

89 PG 76, 1120C. Види и: PG 91, 192BC.

VIKTOR NEDESKI

## THE CHRISTOLOGY OF NESTORIUS OF CONSTANTINOPLE

(Summary)

Nestorianism is a radical form of dyophysitism, differing from the orthodox dyophysitism on several points, mainly by opposition to the concept of hypostatic union. It can be seen as the antithesis to monophysitism, which emerged in reaction to Nestorianism. Where Nestorianism holds that Christ had two loosely united natures, divine and human, monophysitism holds that he had but a single nature, his human nature being absorbed into his divinity. A brief definition of Nestorian Christology can be given as: “Jesus Christ, who is not identical with the Son but personally united with the Son, who lives in him, is one hypostasis and one nature: human.” This contrasts with Nestorius’ own teaching that the Word, which is eternal, and the Flesh, which is not, came together in a hypostatic union, ‘Jesus Christ’, Jesus thus being both fully man and God, of two ousia but of one prosopon.